УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК



ГОДИНА 3 БРОЈ 3

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

ISSN 1857-8659

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2012

**ГОДИНА 3** **БРОЈ 3**

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**


**За издавачот:**
проф. д-р Илчо Јованов



**Издавачки совет:**
проф. д-р Саша Митрев
проф. д-р Лилјана Колева-Гудева
проф. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски
доц. м-р Гоце Гаврилски

**Редакциски одбор:**
проф. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски
доц. м-р Гоце Гаврилски

**Главен уредник:**
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска

**Одговорни уредници:**
проф. д-р Илчо Јованов
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски

**Јазично уредување:**
Даница Гавриловска-Атанасовска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов


---


**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев” - Штип
Факултет за музичка уметност
бул „Крсте Мисирков” 10-А
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

Vol 3, No 3 (2012): ГОДИШЕН ЗБОРНИК 2012 ISSN 1857- 8659

# Table of Contents

## Articles

**С О Д Р Ж И Н А**

78: 316.7 78:7.05
**Проф. д-р Стефанија Лешкова - Зеленковска**
Предизвиците на глобалната музичка култура во 21 век ...............................................5-14

781.63:78.071.1
**Проф . м-р Валентина Велковска Трајановска**
Рихард Штраус – аспекти на оркестарскиот јазик
и симфониската поема „Дон Кихот“ .........................................................................15-24

781.63:78.071.1
**Доц. м-р. Гоце Гавриловски**
Оркестрациска и темброва идеја и нивната звучна материјализација
во „Болеро“ од Морис Равел ....................................................................................25-34

781..42/.42:78.083.3[:78.071.1
**Доц. м-р Тихомир Јовиќ**
Полифонијата во композицијата „Fantasia Corale“ од
Томислав Зографски (1934- 2000)..............................................................................35-41

781.11:[784.5:78.071.1
**м-р Ивана Јанков**
Акордската структура застапена во вокалната кантата„Псалми“ од Стојан Стојков ..43-52

78.071.1:791(497.7)
**Доц. м-р Александар Трајковски**
Уделот на домашните композитори во создавањето на музиката за
македонските играни филмови ...................................................................................53-63

781.68:780.616.433
**Доц. м-р Ангеле Михајловски**
Значењето од примената на прстната гимнастика во решавањето на
техничките проблеми при пијанистичката интерпретација ........................................65-69

78:37.02: 159.947
**Доц. д-р Владимир Талевски**
Значењето на мотивацијата во музичко воспитно- образовниот процес .......................71-79

78:376-056.45:[173.7:37.011.3-051
**м-р Ленче Насев**
Улогата на семејството, наставникот по музичко образование и учебникот во
откривање и поттикнување на музички талентирани ученици .......................................81-86

78:37:004.946
**м-р Дуња Иванова**
Децата и музиката во виртуелната реалност ................................................................87-94

78:373.3:159.9.072
**м-р Теута Халими**
Примена на Гордон тестот за испитување на музичките способности на учениците
во прво одделение (албански наставен јазик) на основните училишта во Тетово .......95-105

780.6:398.8(497.7)
**Доц.м-р Горанчо Ангелов**
Музичките инструменти во македонските народни песни ..........................................107-129

781.7(497.7)
**Проф.д-р Илчо Јованов**
Основни карактеристики на музичкиот фолклор во Република Македонија............131-134

78.071.1:792.8:[061.1:793.3
**Доц. м-р Владимир Јаневски**
Кореографското творештво на Трајко Прокопиев во ансамблот „Танец .................135-139

793.3:37(497.731)(091)
**Доц. д-р Соња Здравковска- Џепаровска**
Балетската едукација во Штип .......................................................................................141-147

781.1:[784.4:392(497.7)
**Проф. д-р Родна Величковска**
Ороводните песни и нивната и нивната територијална дистрибуција во
македонското традиционално обредно пејачко изразување .......................................149-154

398.332.16:793.31(497.7)
**Проф. д-р Оливера Васиќ**
Русалиски поворки – сличности и разлики со други поворки ...................................155-159

392.5:784.4(497.735)
**м-р Тимко Чичаковски**
Свадбениот циклус во Малешево .................................................................................161-168

793.3:793.31(497.7)
**Благица Илиќ**
Релевантни етнокореолошки карактеристики на орото Ибраим Оџа-
претпоставка за следење на регионалната идентификација ......................................169-179

793.31(497.761)
**Марјан Андоновски**
Стилски карактеристики на орото кај Мијаците .......................................................181-188

793.31(497.732)(091)
**Стојанче Костов**
Историски аспекти на орската традиција во Овче Поле ............................................189-195

793.31:792.8(497.734)
**Сашко Атанасов**
Методски аспекти на ората во Пијанец .......................................................................197-218

793.31(497.7)(091)
**Фросина Мариновска**
Орската традиција во селото Врбјани –Прилепско поле ............................................219-226

793.31(497.712)
**Елена Трајчева**
Поводи и места за играње во етничкиот предел Скопска Црна Гора .........................227-233

793.31(497.7)(091)

Фросина **МАРИНОСКА**

# ОРСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО СЕЛО ВРБЈАНИ – ПРИЛЕПСКО ПОЛЕ

Ората што се забележани од теренските истражувања во селото Врбјани, и кои сè уште се присутни се доказ за богатата орска традиција во Прилепско Поле. Како дел од културното духовно обележје на еден народ, ората заслужуваат посебно внимание кое ќе придонесе за развој на етнокореологијата во Р. Македонија. Единствен извор за добивање информации за ората од Прилепско Поле е видео снимката на браќата Манаки направена во 1905 година. Тие преку примена на визуелниот метод ни даваат слика за изгледот на ората во Прилепско-Битолско Поле за време на соборите.

Ретроспектирајќи ги информациите од соговорниците од теренските истражувања и надополнувајќи си ја сликата за животот во ова село со постојните историски податоци, доаѓаме до заклучок дека во ова село има многу за што да се пишува и да се истражува. За да не побегнеме од темата, ќе се потрудиме најверодостојно да ја истражиме и да ја прикажеме кореолошката оставина на старите Врбјанци која нив ги збогатува со локалниот епитет *орајлии*.

По ослободувањето во 1945 год. Врбјанци формирале машка и женска играорна група под името *Врбјани* под раководство на нивниот соселанец Станко. Оваа играорна група настапувала на многу фестивали во Македонија од каде што се враќала со пофалници и признанија. Во педесеттите години секоја недела и на верски празник во Врбјани имало *сред село*. За вакви денови сите селани облечени во празнична селска носија од рано наутро па сè до зајдисонце се собирале во центарот на селото каде што играле, пееле и свиреле. Сè до педесеттите години на минатиот век Врбјанци се облекувале во нивната локална селска носија. Со доаѓањето на комунизмот како општествено политичка појава, ова културно богатство почнало да се напушта. Жените ги оставиле селските кошули и, како што вели Душан, *се менаа од селски на градски*[1]. Женската носија од ова село, според класификацијата направена од Ѓорѓи Здравев во книгата *Македонски народни носии I*-Скопје 1996 година, е составена од следниве елементи: кошула, грлка, нараквици, навлаки, саја,

[1] Соговорник: Душан Колчакоски од село Врбјани, роден во 1932година, сопствени теренски истражувања.

клашник, појас, опрегач, валанка, чорапи, калци, коцел, сокај, убрус, фес, даркма и накит. Во моите теренски истражувања се потврдува информацијата дека карактеристично парче-предмет кој бил дел од елементите на една невестинска носија од ова село било и *преврлошката*. Овој предмет имал иницијациско значење, па затоа зазема битно важно место во обичајната практика и живеење на луѓето. Носењето превлошка претставува само уште еден начин на прикажување на социјалниот статус на личноста во општествената заедница. Машката носија, според животните искуствата на Душан, е составена главно од волнени алишта, односно волнени панталони, волнена фанела, волнена поткошула и ткаена кошула. Причината за негувањето на ова материјално богатство, покрај неопходната функцијата, во себе крие уште една намена, а тоа е самодовербата и естетиката за убавото, односно потребата за докажување на своите способности и убавини на секоја единка.

За сето тоа да биде уочливо, селаните од Врбјани со голема радост се сеќаваат за селските собори на кои се играло во селска носија. Патријархалниот начин на живот и размислување и во овој дел на Македонија е доста забележлив. Тој е имплементиран и во орската традиција на селаните од ова село. Душан кажува дека порано не смееле да се мешаат жените и мажите додека играле. Поради таа причина на сред село се собирале и по десетина тајфи на свирачи, за да можат да играат и жените и мажите посебни ора[2]. За селската слава Св. Никола-Талалеј (2 јуни) во селото доаѓале свирачи од другите села, како и Ѓупци од градот Прилеп, само за да се задоволат потребите на луѓето, како и одржувањето на општествените норми на заедницата. Сè до педесеттите години на минатиот век се почитувале овие норми, но по периодот на забрана за одржување на ваквиот тип за забава на луѓето полека почнало да бледнее кое пак ден – денес, за жал, и не ни постои нешто слично. Момчињата и девојките преку пеењето и играњето на ората ги искажувале културата, физичката подготвеност и издржливост, надигрувањето, како и симпатијата спрема својот сакан или сакана. Во селото Врбјани под поимот свирачи се поразбирало гајдаџии, вели Душко, бидејќи најзастапен инструмент меѓу луѓето од Прилепско Поле била гајдата. Свирачите свиреле, а луѓето се собирале според нивните познати, на пример, ако му бил другар свирачот, со дел од другарите оделе да играат на орото каде

2) Исто...

што тој свирел[3]. Како што веќе споменав, жените имале посебно оро, не се мешале со машкото оро, т.е. се играло во два танца. Карактеристика во орската традиција од ова село е податокот дека местото за играње на сред село било одделено со обележани кругови со мотика кои претставувале дозволено место за играње одделно на мажите и одделно на невестите[4]. На страна стоеле луѓе-*радари со бастуни* кои се грижеле за безбедноста и честа на невестите кои играле во орото. Ако некој посакал да се смеша во орото, како што кажува Душан, *па макар и да ја цапниш белешката*, веднаш реагирале и удирале со бастун по нозете[5]. Луѓето кои не можеле да играат стоеле околу нив, на сеир, односно мажите на машкото оро, а жените на женското. Малите деца исто така си правеле мало оро зад нив и се учеле да ги играат ората. Дури на возраст од околу 10-12 години почнувале да се фаќаат на оро, а сè дотогаш играле настрана некаде, зад нив во некој ќош. Најчесто вакви собори, панаѓури имало за големите празници, како што се Велигден, Ѓурѓовден, Спасовден, Дуовден, Св. Никола и други. Нааквите денови секој свекор сакал да си ја покаже снаата, па затоа им плаќал на музичарите да свират оро за неговата снаа, а тоа значело дека таа треба да го води орото. Свадбите во Врбјани најчесто се правеле наесен, а првпат девојките- невести заигрувале на Божиќ и Велигден. Антрополошките позиции во орото се забележувале на овој начин со плаќање на свирачите. Старосната важност на луѓето во ова село исто така била доста почитувана. Кога не било нарачано орото, односно некому посебно посветено, стоењето на играчите во танецот било според старосната возраст. Прв на орото стоел најстариот кој сè уште се чувствувал способен за играње. Најчесто на селските собори на играчите во орото се фаќале до некој роднина или пријател. Посебна важност им се давала на добрите играорци кои и низ цела општина биле *познати орајли*. Локални називи кои се користеле за играчите во орото се *чело* за првиот, а *опашка* за последниот на орото. Репертоарската застапеност во ова село била составена од следниве ора: *Беранче, Шопско, Циганчица (Ситното), Иставано, За рамо, Пајдушко, Гајдата*[6]*, Каламатија,*

3) Соговорник: Душан Колчакоски од село Врбјани, роден во 1932година, сопствени теренски истражувања.

4) Исто...

5) Исто...

6) Ова оро спаѓа во лесни, прави ора кое селаните од Врбјани го именувале како Гајдата, а имало ист играорен образец како Тешкото. Исто така, ова оро Гајдата во Врбјани може да го сретнеме и со името За рамо, за кое се смета дека е најстариот назив за тоа оро.

*Елено моме* и други. Како прво оро со кое започнувало сред село било орото *Гајдата* кое се свирело на гајда, па и оттаму го добило и името. Ова оро е од типот на тешки, бавни ора. Друго оро кое исто така, според играорниот образец и начинот на играње, припаѓа во типот на прави, лесни ора е и орото *За рамо*. Начинот на држење на играчите во орото е за рамо, па и оттаму го добило и своето име. Ова оро започнува со две наизменични синхронизирани движења во десно со десна па со лева нога, кое во методската форма е забележано како форма А. Следува стапнување на десна и вртење на телото кон центар кое како форма е забележано со Б делот. Префрлањето на тежината на лева нога и исфрлање на десната нога кон центар, е уште еден методски елемент кој е забележан со нова форма В. Кога подетално би ја објаснувале методска база при играњето на деловите Б и В , тогаш јасно би спомenале дека станува збор за потскоци кои поради стилот на игра на орото не се изведуваат како такви. Ова оро се игра мирно, на цело стапало, со исправени колена, што би значело без употреба на баланси во движењата. Целосната методска форма на ова оро би изгледала вака: А+Б+В.


форма А


форма Б


форма В

Орото *Беранче* е познато во две варијанти, една е од Битола од каде што и е ова оро, а другата е онаа што ја научиле Врбјанци од КУД и фолклорните фестивали. *Шопското* е српско оро кое останало да се игра и по паѓањето на српската власт на територијата на Македонија. Ова оро се засновува на иста играорна база како орото *Ситното (Циганчица),* но има различен стил на играње. *Шопското* оро (*Шумадиско*) се карактеризира со потемпераментни движења и поситни чекори кои се играат на цело стапало. На местото од потскоците во прикажаниот методскиот приказ на орото *Ситното*, во *Шопското оро* се играат ниски тричекори на цело стапало. Уште една карактеристика е држењето под рака со свиткани подлактици за време на играње. *Иставаното*, кое одамна било познато под името *Џангурица*, денешното име го добило по начинот на играње. Ова оро е белег на ова село и, според кажувањата на селаните, ова оро

го играле беговите во Врбјани, што ни укажува за староста на ова оро. Ова оро спаѓа во типот на лесни, прави оро, па затоа уште еден назив кој се користи за ова оро е *Одано*. Други ора кои биле застапени во играорниот репертоар на селаните од Врбјани е орото *Циганчица* кое се свирело на кавал и орото *Играле јунаци* кое било придружено со песна. Овие податоци за постоењето на овие две ора се наоѓаат во архивот на МАНУ, во необјавените теренски истражувања на етнологот Бранислав Русиќ кој со своите теренски истражувања придонесол многу за забележување и зачувување на народната култура на македонскиот народ. Овие податоци ги забележал на 10. 06. 1949 година, најверојатно според годината на забележување станува збор за фолклорните фестивали во кои учествувале играорни групи од секое село во Македонија (Русиќ, 1949: 15). Фактот за постоењето на орото *Циганчица* во репертоарот на ора од село Врбјани го потврдува и соговорникот Душан Колчакоски од ова село. Меѓутоа, иако се среќаваат ора со исто име, дали тие две ора имаат ист играорен образец сè уште не можеме да дознаеме. Преку видео материјалот направен на теренското истражување во ова село добиваме јасна слика за играорниот образец на ова оро. Но, само пишаните податоци за постоењето на ова оро во с. Врбјани од страна на Бранислав Русиќ не се доволни за да се повикаме на податок дека станува збор за исто оро. Методската форма на орото *Циганчица* кое претходно го викале *Ситното* е А+А+Б+В+Б+А+А+Б+В+Б. Со делот А е забележан дав тричекори со десна нога па со лева нога во десно, по кои следува стапнување на десна нога и вртење на телото кон центар кое како форма е забележано со Б делот. Во В формата е забележан потскок на лева нога после кој се надоврзува повторување на Б формата со потскок на десна нога и вртење на телото во лево во правец на движење на орото. Следува ист методски образец со правец на движење во лево, со тоа што формата се повторува иако правецот на движење на орото е променет кон лево.

Во доменот на обредно-обичајната практика во ова село спаѓаат и игрите за забава кои се изведуваат на одреден датум. Од зимските обредни поворки во село Врбјани се среќаваат коледарските поворки кои се составени од група мали деца. Од пролетниот циклус на поворки се среќаваат Лазарките, кои отсекогаш биле составени од неколку Ѓупки од градот Прилеп кои шетале по селото на празникот *Лазара сабота* [7].

[7] Соговорник: Душан Колчакоски од село Врбјани, роден во 1932 година, сопствени теренски истражувања.

Во Врбјани, па и во некои од околните села, во периодот четири дена по Велигден па сѐ до Спасоовден, *чупињата* од селото се собирале и играле игри за забава. Според класификацијата на игрите направена од српскиот истражувач Тихомир Ѓорѓевиќ (Ѓорѓевиќ, 1984; 30), јас овие игри кои се играле во тој поствелигденски период ги сместив во групата на игри за забава, па и според функцијата што ја имаат ги нареков *игри за забава*. Душан ми раскажа за две игри: *слепо коло и пуштај камче*[8]. Друга можност за дружење на еснафот во селото бил празникот Ѓурѓовден. На тој ден машките од селото врзувале крлешки на дрвата за потоа да ги крлаат и да им пеат на селските девојки.

Орската традиција во Врбјани нема полова поделеност на репертоарската застапеност на ората. Истите ора се играле и во женското и во машкото оро. Душан Колчакоски се сеќава како неговата мајка заедно со нејзините другарки, што биле енаф, го играле орото *Иставано*, држејќи се за рамена. Ова оро, кое не се среќава во ниту едно друго село во Македонија, имам желба да го истакнам како уште едно наше духовно културно богатство кое е дел од орската традиција на Македонија. За жал, последниот гајдаџија Благоја Мијајлески од Врбјани кој го свирел и го играл ова оро починал пред околу една година пред да започнат моиве истражувања во ова село. Единствена можност да го видиме ова оро како го играат постарите луѓе од с. Врбјани е видео снимката од 1994 година на селскиот собор за Велигден. Денес помладата генерација на жители во ова село не го знаат ова оро. Во приложените теренски материјали ќе најдете и една епска песна придружена со гајда, која Благоја Мијајлески ја изведува на една прослава во Австралија. Следнава методската форма на ова оро е составена од два играорни обрасца кои со нивното повторување во лево ја сочинуваат методската форма на орото *Иставано*: Два наизменични долни потскока во движење кон десно на десна, па на лева нога кои се забележани со делот А, по кои следуваат три наизменични синхронизирани движење со десна нога и вртење на телото кон лево за 90° – Б делот. Истите играорни делови се повторуваат и во лево со исти форми на забележување А+Б. По повторување на играорен образец во лево, следуваат две синхронизирани бочни движења кон десно со телото свртено кон центар во вид на заден преплет, со тоа што левата нога оди пред десната и се завршува со стапнување на цело стапало на десна нога – В форма. Истиот образец се повторува и кон лево и уште по еднаш на двете страни со тоа

[8] Исто

што завршува со заден преплет на лева нога и тежината останува на цело стопало на левата нога. Со тоа методската форма на играорните обрасци би се збогатила со уште три В делови а тоа би изгледало вака В+В+В. Целосната методска форма на ова оро е следнава: А+Б+А+Б+В+В+В+В. Етнокореолошки карактеристики на ова оро се и украсите на нозете кои во конкретниов случај се носењето на нозете една пред друга, високо, под агол од 90°. Како дел од карактеристиките се и балансирањата на телото за време при играњето на ова оро, кои се направени со помош на виткање на коленото и повторно враќање во почетната позиција, односно целосно исправање на ногата. Исто така, доста забележлив сегмент при играњето на орото е и начинот на стапнување на играчите, односно отсечните и сигурни стапнувања со нозете.






форма А форма Б форма А форма Б



форма В+В+В+В

**Користена литература**

Хаџи- Васиљевић, Ј. (1902). *Прилеп и његова околина*. Белград

Бошески, И. (1976). *Прилеп и околината,* Друштво за наука и уметност. Прилеп

Панов, М. (1998). *Енциклопедија на селата во Република Македонија*. Скопје

Аџиевски, К. (1994). *Пелагонија во среден век,* Институт за национална историја, Скопје,1-9.

Димовски, М. (1977). *Македонски народни ора*. ИФ. Скопје

Милошеска, Е. (2003). Преданија за постанокот и и имињата на населбите, *Традиционалната култура во општина Кривогаштани*. ЖНВО-Кривогаштани

Димовски, М. (1996). Народни ора и орска традиција*, Етнологија на македонците*. Скопје

Здравев, Ѓ. (1996). *Македонски народни носии 1*, Матица македонска. Скопје

Манаки М. и Ј. (1905). *Народни ора од Македонија*, Кинотека на Македонија, Скопје, 2:42 мин.

Малинов, З. (2009). Материјали од предавања по предметот *Регионална етнологија*. Штип

Колчакоски, С. (2011). *Врбјани - Центарот во центарот на Македонија*. (непубликувано издание)

Јаневски, В. (2010). *Етнолошките и етнокореолошките карактеристики на македонските традиционални народни ора*, ИАЕ. Скопје

**Информатори**

Душан Колчакоски од село Врбјани, роден 1932 година (сопствени теренски истражувања)

Стојна Колчакоска од село Врбјани, родена 1934 година (сопствени теренски истражување)

Славе Колчакоски од село Врбјани, роден 1957 година. (сопствени теренски истражувања)